# СТИРОКОЛ

*Двокомпонентно висококвалитетно градежно лепило за лепење и глетување на плочи од екструдиран полистирен*

## Област на примена:

При изработка на термички фасади со стиропор плочи, служи како лепило за стиропор-плочите и како малтер за глетување.

## Својства:

- одлична адхезија;
- висока јакост на притисок;
- висока јакост на свиткување;
- отпорен на атмосферски влијанија;
- едноставен за приготвување и изведба;
- економичен;
- еколошки;

## Технички карактеристики:

| | |
|---|---|
| Изглед: А компонента | Сив прашок на база на цемент |
| Б компонента | Бела течност |
| Јакост на свиткување: | 5±1 МПа |
| Јакост на притисок: | 12±2 МПа |
| Адхезија за подлога: | 1,3±0,2 МПа |
| Отворено време за работа: | 3 часа |
| Почеток на врзување: | 6 часа |
| Крај на врзување: | 24 часа |

## Подготовка на подлога:

Подлогата треба да биде обезмастена, обеспрашена и чиста.

## Вградување:

Материјалот за вградување се подготвува со постепено додавање на течната (Б компонента) во прашкастата (А компонента), со постојано мешање со бавен мешач. Се меша до потполна хомогенизација. Потоа мешавината се остава да мирува 10-15 мин. Повторно се замешува и се вградува со мистрија, глетарка или шпахтла.
Глетувањето на залепените термоизолациони плочи се изведува на следниот начин. Првиот слој од Стирокол се нанесува со челична глетарка во дебелина на слојот од 1,5 до 2,0 мм. Во се уште свежиот нанос со метална глетарка се втиснува стаклена мрежичка. После врзувањето на првиот слој (24 часа) се нанесува вториот слој на Стирокол со иста дебелина на слој како и првиот.
На потполно исушен втор слој од Стирокол се изведува бараната завршна фасадна обработка.
Нанесениот слој од Стирокол треба да се штити од дожд и силен провев, во првите 24 часа од нанесувањето. Оптималната температура при вградување е од 5°C до 35°C.

## Потрошувачка:

| | |
|---|---|
| - За лепење | 6,0 ÷ 7,0 кг/м$^2$ |
| - За глетување (за 2 слоја) | 3,0 ÷ 4,5 кг/м$^2$ |

## Чистење:

Алатот и опремата се чистат со вода, веднаш по употребата.

## Пакување:

Во сетови од 4,5 и 45 кг (А+Б комп.)

## Складирање:

Во оригинална, затворена амбалажа, во суви простории, на температура од 5°C до 35°C. Рок на употреба: 12 месеци.

ГРАДЕЖНИ ЛЕПИЛА

Опасност по здравјето: Потребно е да се избегнува контакт на производот со кожата или очите, како и директно вдишување на прашкастата компонента. При инцидентен контакт на производот со кожата, треба веднаш да се отстрани со вода и сапун. Ако материјалот прсне во очи, потребно е веднаш да се исплакнат со многу вода и да се побара медицинска помош.
Доколку се проголта, потребно е да се побара медицинска помош.
Пожар: Компонентите на Стирокол се незапаливи.
Чистење и депонирање: Чистењето е со вода. Старата искористена амбалажа потребно е да се депонира според локалните прописи и регулативи за тој тип отпад.
Препорачуваме начинот на нанесување и потребните количини да се приспособат према условите на објектот, како и задолжителна примена на адекватна опрема.

ADING
Новоселски пат бб,
1000 Скопје, Р.Македонија,
Тел: ++ 389 / 02 2034 840,
2034 822, Факс: 2034 821
ading@mt.net.mk,
www.ading.com.mk

**Србија** *АДИНГ Белград Тел: 381 11 2279 338*
**Бугарија** *АДИНГ-Бугарија Софија Тел: 359 2 9555388*
**Русија** *Вегамаркет плус Москва Тел: 7 495 3716436*
**Казахстан** *ТОО Алфар Алма Ата Тел: 732 72 40 1688*
**Унгарија** *АДИНГ Х Кфт. Будимпешта Тел: 36 29 367 457*
**Грција** *АДИНГ-Хелас Солун Тел: 30 23 10569130*
**Хрватска** *АДИНГ-ХР Сплит Тел: 385 98 9833 020*
**Романија** *КРАЛЕКС Букурешт Тел: 40 21 3509018*
**Украина** *Солис Компани Киев Тел: 380 44 4070963*
**БиХ** *ПРОХЕМА Брчко Тел: 387 49 240400*
**Црна Гора** *Ѓуришиќ и Кум Бар Тел: 382 85 341699*
*Изолими Приштина Тел: 381 38 563280*